РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна установа
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 04-232/1
07.06 20 22 год.
РЕСЕН

Влада на Република Северна Македонија

- ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - РЕСЕН -

Врз основа на член 211 став 1 и 2 и член 212 став 5 и 6 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22), В.Д.Директорот на Јавна Установа Центар за социјална работа – Ресен објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

## За пополнување на слободно работно место со унапредување на еден извршител давател на јавна услуга во ЈУ Центар за социјална работа – Ресен

ЈУ Центар за социјална работа – Ресен, објавува интерен оглас за унапредување на еден извршител на неопределено време на следната позиција:

1. **C030303A04020 Водител на случај во Служба за услуги од социјална заштита – еден (1) извршител**

Кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на ЈУ Центар за социјална работа – Ресен и Законот за социјална заштита:

**Општите услови:**
- Да е државјанин на Република Северна Македонија
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Секој кандидат треба да ги исполнува следните посебни услови утврдени со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места на ЈУ Центар за социјална работа – Ресен:

- За Водител на случај во Служба за социјална заштита за нивото А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен (дипломиран социјален работник, психолог, педагог, правник) и најмалку две години работно искуство
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Општи работни компетенции на средно ниво се:**
- Учење и развој
- Комуникација
- Остварување резултати

- Работење со други/тимска работа
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- Финансиско управување

**Распоред на работно време:**
Работни денови: Понеделник – Петок
Работни часови: неделно 40 часа
Работно време: флексибилно со почеток од 07:30 до 08:30 часот и завршеток од 15:30 до 16:30 часот

**Паричен нето износ на плата за работно време:**
28.903 денари

На интерниот оглас може да се јави давател на јавна услуга, вработен во ЈУ Центар за социјална работа – Ресен, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Закон и актот за систематизација, како и:
Да е оценет со оцена „4“ или „5“ при последното оценување
Да поминал најмалку две години на тековното работно место
Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот. Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на ЈУ Центар за социјална работа – Ресен. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка по овој оглас. Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 работни дена сметано од денот на објавување на интерниот оглас. Условите наведени во интерниот оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Кандидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ќе бидат повикани на интервју во ЈУ Центар за социјална работа – Ресен.
Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција на кандидати за давател на јавни услуги формирана од страна на В.Д.Директорот на ЈУ Центар за социјална работа – Ресен.
Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:
- Уверение за државјанство
- Доказ за општа здравствена способност
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Влада на Република Северна Македонија

- ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - РЕСЕН -

- Доказ за соодветното работно искуство
- Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Овој интерен оглас се објавува истовремено на веб страницата и на огласната табла на ЈУ Центар за социјална работа – Ресен.

Напомена: Согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2022 година вработувањето е предвидено за еден (1) Македонец/ка.
Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на ЈУ Центар за социјална работа – Ресен или по пошта на следната адреса: ул.„Ленинова“ бр.66А Ресен
Контакт телефон: 047-451-419
Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

В.Д.Директор
Борче Ристевски